РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-2655/15
29-06-2022 20 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 став 15 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019, 14/2020 и 215/2021 и 99/2022) и член 109 став 12 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ број 124/15, 65/18), Секретарот на Општина Аеродром, постапувајќи по Мериторна одлука на Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, заведена под број 09-286/4 од 16.06.2022 година, на ден 28.06.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
### за запирање на постапка за унапредување на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 година за работно место советник бр. 3 - комунален инспектор

1. СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА за унапредување на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 година, за работно место бр. 3 - Советник – комунален инспектор шифра ИНС 0101В01001, ниво В1, во Одделение за инспекциски работи.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката се објавува на веб страната на Општина Аеродром.

### Образложение

На ден 30.03.2022 година на веб страната на ОпштинаАеродром и на веб страната на Агенцијата за администрација е објавен интере ноглас бр.01/2022 за унапредување на (6) шест административни службеници во Општина Аеродром, меѓу другите и за работно место Советник – комунален инспектор шифра ИНС 0101В01001, ниво В1, во Одделение за инспекциски работи

Врз основа на објавениот интерен оглас Комисијата за селекција за унапредување, формирана со решение на Секретарот на Општина Аеродром број 04-2037/5 од 05.04.2022 година, по спроведена административна селекција и по спроведено интервју со двајцата уредни кандидати за работно место Советник – комунален инспектор шифра ИНС 0101В01001, ниво В1 и согласно освоените бодови на кандидатите од административната селекција и од спроведеното интервју,состави записник со финална ранг листа на кандидати со предлог-одлука за избор на прворангиран кандидат, заведен подброј 04-2037/7 од 11.04.2022 година.

Согласно член 51 став 6 од Законот за административни службеници, Комисијата ја достави до Секретарот на ОпштинаАеродромфиналната ранг листа на кандидатисо предлог – одлука. Во законски предвидениот рок, Секретарот на Општина Аеродром, донесе Одлуката за избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 година, број 04-2655/1 од 12.04.2022 година со која за работното место Советник – комунален инспектор шифра ИНС 0101В01001, ниво В1, во Одделение за инспекцискиработи е избран административниот службеник Марјан Ѓорѓиев, вработен во Општина Аеродром на работно место Соработник за развој и поддршка на јавните зелени површини во Одделение за комунални работи и заштита на животната средина, во Сектор за комунални работи и заштита на животната средина.

На ден 19.04.2022 година до Општина Аеродром е доставена жалба, поднесена од административниот службеник Горан Дамчески, вработен во Општина Аеродром на работно место Помлад соработник - помлад комунален инспектор во Одделение за инспекциски работи преку полномошник адвокат Иво Николов од Скопје ул. „Ѓорѓи Пулевски“ бр.27/15 .

Поднесената жалба, со сите писмени документи и списи и одовор на жалба, со допис број 04-2655/4 од 21.04.2022 година, е доставена од страна на Општина Аеродром до Агенцијата за администрација - Комисија за решавање по жалби и приговори на административните службеници во втор степен одговор.

На ден 11.05.2022 година од страна на второстепениот орган е доставена Одлука заведена под нивен број 09-200/2 од 04.05.2022 година со која Жалбата поднесена од административниот службеник Горан Дамчески преку полномошник адвокат Иво Николов

од Скопје изјавена против Одлуката за избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 година, број 04-2655/1 од 12.04.2022 година донесена од Секретарот на Општина Аеродром се уважува како основана и Одлуката за избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 година, број 04-2655/1 од 12.04.2022 година се поништува и предметот се враќа на првостепениот орган на повторно разгледување и одлучување.

Постапувајќи по насоките дадени во Одлуката од второстепениот орган во однос на околноста дека пријавениот и прворангиран кандидат Марјан Ѓорѓиев не ги исполнува условите за унапредување согласно член 41 став1 алинеа 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ број 102/2019) Секретарот на Општина Аеродром на ден 18.05.2022 година донесе Одлука за за невршење на избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 за работно место Советник - комунален инспектор заведена под наш број 04-655/7.

На ден 27.05.2022 година до Општина Аеродром е доставена жалба, поднесена од административниот службеник Горан Дамчески, изјавена против Одлуката за невршење на избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 за работно место Советник - комунален инспектор, број 04-2655/7 од 18.05.2022 година

На ден 22.06.2022 година до Општина Аеродром од страна на второстепениот орган е дставена мериторна одлука заведена под број 09-286/4 од 16.06.2022 година со која жалбата поднесена од административниот службеник Горан Дамчески преку полномошник адвокат Иво Николов од Скопје изјавена против Одлуката за невршење на избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 за работно место Советник - комунален инспектор, број 04-2655/7 од 18.05.2022 година донесена од Секретарот на Општина Аеродром се уважува како основана и Одлуката за невршење на избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 за работно место Советник - комунален инспектор, број 04-2655/7 од 18.05.2022 година се поништува.

Второстепениот орган воедно во точка три од Одлуката број 09-286/4 од 16.06.2022 година, мериторно одлучил дека постапката за унапредување на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2022 година за работно место советник бр. 3 Советник – комунален инспектор шифра ИНС 0101В01001, ниво В1, во Одделение за инспекциски работи се запира.

Постапувајќи по даденото укажување на второстепениот орган, првостепениот орган да донесе акт со кој во целост ќе ја имплементира мериторната Одлука во точка 3 од истата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство**: Против ова Одлука не е дозволена посебна жалба.

Одделение за управување со човечки ресурси
Елизабета Стојковска

Секретар
на Општина Аеродром
Јулијана Павковска Боцевска

Република Северна Македонија - Општина Аеродром • Скопје •